Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено / Pranuar: 3. 11. 2020
Орг. един. / Nj. org: 08 | Број / Numri: 8/583 | Прилог / Shtojcë: - | Вредност / Vlera:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 18 – 12058/1
28-10-2020 20 год. viti

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), и член 30 став (3) и став (6) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20), министерката за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за дополнување на дел од наставната програма по техничко образование во основното образование во делот на нормативот за наставен кадар**

1. Со ова Решение се дополнува дел од наставната програма по техничко образование во основното образование во делот на нормативот за наставен кадар, со додавање на нова алинеја која гласи:

„Доколку на јавниот оглас не се јави лице со завршени студии во претходно наведените алинеи, наставата може да ја изведува и лице со:

- Завршени студии на машински факултет, дипломиран машински инженер, VII/1 или VIA според Македонската рамка на квалификации и 240 ЕКТС со педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа.

2.Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

О б р а з л о ж е н и е:

Согласно член 30 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20), во основното училиште воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми кои, на предлог на Бирото, ги утврдува министерот. Согласно ставот (6), со наставните програми се определуваат резултатите од учењето, основните поими, активностите и методите во наставата, стандардите за оценување на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.

Заради зголемената потреба од наставен кадар по наставниот предмет по техничко образование во основното образование, како и моменталната состојба во основните училишта, каде се ангажираат наставници со завршен машински факултет и истите се пријавуваат за полагање на стручен испит, а не се соодветни според постоечкиот Норматив за наставен кадар по техничко образование, Бирото за развој на образованието со допис бр.08-996/6 од 21.10.2020 година, доставен до Министерството за образование и наука, предложи дополнување на наставната програма по техничко образование во основното образование во делот на нормативот за наставен кадар.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**МИНИСТЕРКА**
**Мила Царовска**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ-SHKUP
2

**Доставено до:**

- **Сектор за основно образование**
- **Биро за развој на образованието**
- **архива**

подготвил: Гордана Ѓошева Трајчева
контролирал:Милка Масникоса
одобрил:Елена Ивановска
согласен:Маја Бичиклиска